# ОДГОВОР

**на Известување по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор**

Министерот на Министерството за образование и наука на ден 23.06.2014 година достави Известување по Нацрт извештајот за извршената ревизија на успешност – Ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија кај Министерството за образование и наука до Државниот завод за ревизија заведени под број 30-296/6.

Во законски утврдениот рок Министерството за образование и наука достави Известување за преземените активности за спроведување на дадените препораки во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на успешност Ефикасност и ефективност на системот на финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија во МОН. Известувањето се однесува за преземените мерки и активности во периодот до доставување на Конечен извештај по препораките број 2 и 5, а кои се однесуваат за изработка на планови за намалување на можни негативни последици од ризиците и спроведување на вонреден попис согласно законските одредби.

Преземените мерки и активности на МОН се соодветно обелоденети во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.